ПОЛИТИКИТЕ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ ДОЗВОЛИ И ИДНИНАТА НА ДИСТРИБУШИЈАТА НА ТЕЛЕВИЗИСКИ СОДРЖИНИ

ДОКУМЕНТ ЗА ЈАВНИ ПОЛИТИКИ

ЦЕНТАР за РАЗВОЈ на МЕДИУМИ

EUROPEAN ENDOWMENT FOR DEMOCRACY

Скопје
НОЕМВРИ 2024

СОДРЖИНА

3 ВОВЕД

4 МЕЃУНАРОДНИ ИСКУСТВА

8 ИСКУСТВАТА ОД СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

11 ПРЕПОРАЧАНИ МЕРКИ

17 СТАВОВИТЕ НА ЗАСЕГНАТИТЕ СТРАНИ

ВОВЕД

Преминот од аналогна на дигитална терестријална телевизија донесе придобивки[1] и за радиодифузерите, и за публиката/потрошувачите, и за државите, преку понудата на нови програмски и други сервиси, ослободување на капацитети и дигитална дивиденда. Тие придобивки се значајни, и покрај силниот притисок на новите дигитални сервиси, не само во кабелската и сателитската телевизија, туку особено во IPTV (Internet Protocol Television) сегментот и новите онлајн сервиси, како што се OTT (Over The Top, или „стриминг“ (streaming)) сервисите.

Новите дигитални сервиси постојано одвлекуваат се повеќе и повеќе публика од традиционалните платформи за потрошувачка на телевизиски содржини. Процесот на селење на публиката од терестријална кон сервисите за кабелска, сателитска или ИПТВ телевизија, сега е проследен и со паралелен процес на „преселба“ на публиката од линеарните кон не-линеарните сервиси на барање.

Во Северна Македонија, придобивките не се толку видливи затоа што врз дигитализацијата на терестријалната телевизија влијаеја постоечките законски решенија и политики. Исто така, во услови на мал и неодржлив пазар, радиодифузерите се покажаа незаинтересирани за вложувања во нови програмски сервиси или во дополнителни услуги што би ги понудиле на публиката и граѓаните.

Како резултат, граѓаните не добија никаков значајно подобрување на квалитетот на телевизиската понуда, а за други дополнителни услуги и сервиси и да не говориме.

Центарот за развој на медиуми, но и целата медиумска заедница, се принудени периодично да се навраќаат на овие две клучни прашања – ограничувањата на медиумската сопственост и политиките на распределба на достапните ресурси за емитување. Овој документ е обид да се понудат нови решенија, секако прилагодени за да ги вклучат најновите трендови во оваа област.

1 За листата на можни придобивки се реферираме на студијата “Benefits of Digital Broadcasting”, PLUM Consulting, од јануари 2014 година, достапна на следниот линк

МЕЃУНАРОДНИ ИСКУСТВА

Дигитализацијата на терестријалната телевизија, која често доцнеше зад кабелската и сателитската телевизија, донесе повеќе придобивки и корист за сите заинтересирани страни – за радиодифузерите, за публиката/потрошувачите, и за државите што ги распределуваат новите капацитети.

За целата радиодифузна индустрија, дигитализацијата донесе зголемување на капацитетите на преносните мрежи со подобрување на ефикасноста на користењето на фреквентниот спектар. Фреквенцијата што носеше еден аналоген ТВ сервис во дигитална телевизија типично може да носи помеѓу 4 и 18 сервиси. Потоа, дигитализацијата донесе и помала потрошувачка на енергија и трошоци за одржување како и флексибилност и поефикасно користење на инфраструктурата, преку примена на мрежи со единечна фреквенција (Single Frequency Networks – SFN) што ги заменија поранешните паралелни аналогни мрежи.

За потрошувачите, дигитализацијата значи поголем избор на програмски содржини и сервиси со поголем квалитет на сигналот, интерактивност, можноста да ги гледаме содржините што ги сакаме во време што сами ќе го избереме преку системи за „видео на барање“ или „одложено гледање“ (catch-up), како и можноста за родителска контрола за да се спречи пристап на деца и малолетници до програмски содржини што можат да му наштетат на менталното здравје.

Конечно, дигитализацијата донесе придобивки од поширок јавен интерес. Таа помага во намалувањето на „дигиталниот јаз“ со тоа што овозможува зголемен пристап до информациите за оние граѓани што немаат пристап до интернет. Капацитетите на дигиталните мултиплекси освен телевизиски програмски сервиси, можат да обезбедат и интернет пристап, како и пристап до владините и други услуги. Во еден момент, повеќе земји развија различни платформи во областа е-Влада, како дополнителни услуги. На пример, во Хрватска беше воведен јавниот информативен сервис „Моја управа“ („Moja uprava“), на кој се презентираа информации од централниот портал на државната администрација www.mojauprava.hr. Иако развојот на квалитетен широкопојасен интернет, меѓу другите и во нашиот регион, придонесе за брзо затворање на тој сервис, таквата можност и за други слични сервиси сè уште постои.

Покрај тоа, дигиталната телевизија ослободи голем дел од спектарот како дигитална дивиденда и тој спектар може да се користи за други услуги (мобилна телефонија, за системи за известување и тревожење, и сл.). Конечно, ДТТ ја јакне отпорноста на комуникациската инфраструктура на државите со тоа што нуди алтернативна комуникациска платформа, особено во време на кризи, природни непогоди или кибер-напади.

Како што веќе спомнавме, брзиот развој и експанзија на брз, широкопојасен интернет, доведе до ситуација во која таквите дополнителни сервиси станаа непотребни. Дигиталните мултиплекси безмалку целосно се посветени на пренос на телевизиски и радиски програмски сервиси.

Во најголем број земји, радиодифузерите ги искористија новите капацитети за пренос за отворање на нови, специјализирани програмски сервиси покрај носечките сер-

виси од општ формат што дотогаш се емитуваа аналогно. Независно од тоа дали го избрале моделот од САД, каде управувањето со дигиталните мултиплекси им беше оставено на постоечките национални ТВ мрежи за развој на нивни сервиси, или европскиот во кој новите капацитети се распределуваа со јавни конкурси, како и секој ограничен јавен ресурс, резултатите беа главно исти. Отворањето на нови ресурси за емитување не значи нужно зголемување на бројот на активни играчи на пазарот туку зголемување на понудата на постоечките играчи.

Не мора да одиме премногу далеку за илустрација на таа поента. Во Хрватска (пример наведен и во Студијата на АВМУ), функционираат четири радиодифузери со дозвола за емитување на национално ниво – јавниот радиодифузен сервис ХРТ, и комерцијалните телевизиски радиодифузери „Нова“, „РТЛ“ „Аутор“ и „ХОО“ (Nova, RTL, AUTOR, HOO)[2]. Трите првонаведени покрај носечкиот програмски сервис, емитуваат и специјализирани програмски сервиси, „ЦМЦ“ (Аутор) емитува специјализиран музички програмски сервис а „Спортска Телевизија“ е специјализиран спортски програмски сервис. Сите радиодифузери, емитуваат и дополнителни специјализирани програмски сервиси преку интернет (IPTV) или преку сателит. Слично е, на пример и во Холандија (покрај јавниот сервис, во етер емитуваат уште два комерцијални национални радиодифузери), Шпанија, Велика Британија, Италија. Се разбира, преостанатите слободни капацитети на дигиталните мултиплекси се отворени, главно, за големите меѓународни телевизиски корпорации и нивните специјализирани канали (Paramount, Warner Bros Discovery, итн.).

Трендови во развојот на телевизијата

Телевизијата, како и другите традиционални медиуми, печатот и радиото, не може да го избегне влијанието на дигиталната дисрупција. Навиките на публиката за потрошувачка на телевизиски/видео содржини се менува постојано, а на младата популација (особено онаа родена во дигиталната ера) линеарната телевизија не и значи ништо. Покрај селидбата на публиката прво од терестријална на кабелска, сателитска и ИПТВ телевизија, сега гледаме и селидба кон новите онлајн платформи, „стриминг“ сервиси за користење на висококвалитетните содржини што ги нудат нивните вложувања во продукција и агрегација на висококвалитетни содржини.

Подеднакво значајно е што огромен дел од публиката, особено младите, се повеќе ги посочуваат социјалните мрежи како главен извор на информации за општествениот и политичкиот живот, иако бројот на оние што се информираат на телевизија останува голем. Тоа е значаен показател, особено за телевизиските радиодифузери во Северна Македонија, затоа што тие најсериозните инвестиции ги прават токму во информативната програма, а во јавноста (особено стручната и академската јавност, но и во граѓанскиот сектор што работи во областа на медиумите) постои став дека информирањето е најзначајната од улогите на телевизијата.

2. Податоците се извадени од Книгата на даватели на медиумски услуги, Knjiga davatelja medijskih usluga, регистар што го води Агенцијата за електронски медиуми на Хрватска, достапни на следниот линк

Што можеме да очекуваме? Од статиите посветени на прашањето на „иднината на телевизијата“, видливо е дека постои високо ниво на согласност околу неколку работи:

Публиката ќе продолжи да се сели на интернет како главна платформа за пристап до телевизиски содржини. Достапноста на „смарт ТВ“ уреди, вложувањата на „стриминг“ сервисите во продукција, но и агрегација на атрактивни содржини, само го забрзуваат тој тренд.

Линеарната телевизија најверојатно целосно ќе им го отстапи местото на сервисите за видео на барање и „стриминг“ сервисите. Иако постојат мислења дека таа ќе продолжи да биде значајна за настани „во живо“, првенствено за пристап до преноси од спортски натпреварувања, не е јасно зошто тоа би се случило. Како и за другите живи настани, веројатно е дека до нив ќе се пристапува во комбинација на одложено гледање, претплатничко видео на барање, стриминг сервиси, веројатно извесно време во комбинација со линеарната телевизија.

Постои можност да видиме одвојување на индустријата на вести од телевизиската индустрија. Секако, вести во аудиовизуелен формат ќе има, но пред се како видео на барање. Тоа веќе се случува, како што спомнавме, затоа што повеќето телевизиски станици ги користат своите интернет страници како платформа за одложено гледање на вестите (но и друга емитувана програма). Веројатноста е голема оние што сакаат да се занимаваат со телевизиско новинарство и информирање (или аудиовизуелно информирање) да основаат генералистички информативни интернет страници на кои ќе нудат мултимедијални сервиси (комбинација од аудио, видео, текст и фотографии).

Генерално, тешко е да се замисли како би функционирале телевизиите од општ формат како стриминг сервиси, пред се, поради природата на интернет кој преферира и промовира специјализација. Веројатно некои од телевизиите со општ формат ќе се обидат да стримуваат линеарен сервис во почетокот[3], но очекувањата се дека линеарните сервиси полека ќе се затвораат и ќе останат само „стриминг“ сервиси или сервиси за видео по барање (претплатнички и канали за бесплатно гледање). Поради обрската на државата (не е јасно што ќе се случи со таа обврска под притисок на новите технологии) да обезбеди телевизиски сервиси за слободен прием, како и поради јавното финансирање и мисијата „да информираат, забавуваат и едуцираат“, најдолго да опстанат како линеарни сервиси од општ формат програмските сервиси на јавните радиодифузни сервиси. Од друга страна, и за нив веќе подолго време се вели дека треба да се трансформираат во „јавни медиумски сервиси“ што ќе нудат аудиовизуелни, аудио и други содржини на повеќе или на сите расположливи платформи, при што водечките светски јавни радиодифузни сервиси одамна му посветуваат огромно внимание на „стримингот“ на интернет како најдобар (ако не единствен) начин да се дојде од младата публика која веќе има свои навики за потрошувачка на содржини.

3. Веќе спомнавме случаи во кои печатени медиуми влегуваат во потфати за производство на аудиовизуелни медиумски содржини што по својата форма и организација *де факто* се линеарна телевизија.

Веќе е прилично видливо дека формите на „дневна телевизија“ и сличните програми што вклучуваат разговор во студио (интервјуа, политички или забавни панели, дебатни емисии, итн.) главно ќе се трансформираат во подкасти, достапни преку платформите за споделување видео или аудио (второво е значајно затоа што, во крајна линија, се работи за изворно радиски содржини).

Имајќи го на ум претходно кажаното, јасно е дека на среден рок (сите претпоставки се дека тие процеси ќе завршат некаде помеѓу 2035 и 2040 година) ни се потребни политики на доделување дозволи и распределба на достапните ресурси за емитување на програмски содржини што ќе ја поттикнуваат и промовираат специјализацијата и ориентацијата кон специјализирани сервиси, главно насочени кон различни типови и жанрови на играна продукција, музика или спорт. ***Сметаме дека еден од начините за промоција на тематски или жанровски специјализирани програмски сервиси е радикално намалување на надоместоците за дозволите за емитување на специјализирани програмски сервиси. Бидејќи предлагаме дозволите за кабелско или сателитско емитување да се сведат на задолжителна регистрација на програмските сервиси, износите на надоместоците треба да бидат симболични, односно да ги покриваат трошоците на регистрација и одржување на регистрите, значи, наместо неколку десетици илјади евра, да изнесуваат неколку стотини евра (се разбира, во денарска противвредност).***

ИСКУСТВАТА ОД СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Иво земјава, фокусот на преминот на дигитално терестријално емитување беше на преносот на телевизиски програмски сервиси. Дополнителни услуги, како што се видео на барање или можност за одложено гледање нудат некои (не сите) оператери на IPTV јавни комуникациски мрежи. Исто така, иако постоечките мултиплекси се користат крајно неефикасно со многу слободни капацитети[4], не се отвори простор, на пример, преку нив да се емитува и дигитално радио.

Преминот на дигитално терестријално емитување не беше искористен за потребната консолидација на телевизискиот пазар, кој останува презаситен и неодржлив, со оглед на ограничените трошења на комерцијално огласување и рекламирање во земјава. Наместо да ја искористиме можноста, следејќи го превладувачкиот модел во Европа и во светот, дигиталните мултиплекси да ги искористиме за да обезбедиме во етер да се емитуваат и специјализирани програмски сервиси, форматирани тематски (дури и жанровски) или за да се задоволат потребите на одредени категории на публика (мажи, жени, млади, деца), ние се грижевме како да опстанат постоечките носители на дозволи за терестријално емитување (на национално, регионално или локално ниво). На пример, Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги од 2013 година директно ја спречи можноста за ново планирање на распределбата на капацитетите, автоматски им ги обнови дозволите на постоечките радиодифузери. Просто ја пресликавме постоечката сцена (во 2013 година, при преминот од аналогно кон дигитално емитување, функционираа вкупно 64 комерцијални телевизиски станици).

Како резултат, освен примената на дигиталната дивиденда[5], дигитализацијата кај нас не донесе скоро ништо од претпоставените придобивки спомнати претходно. Повикувањето на потребата од промоција и заштита на медиумскиот плурализам резултираше во ситуација во која добивме само нумерички плурализам (односно, огромен број на радиодифузери) што емитуваат слична програма во која доминираат различните форми на говорна програма од студио (политички панел програми, разговори со гости во студио), информативната програма и играни серии, главно од турска, индиска или латиноамериканска продукција.

Публиката не доби побогата понуда на разновидни програмски сервиси, вклучително и специјализирани програмски сервиси, форматирани тематски (па дури и жанровски) или така да одговараат на потребите и да бидат наменети за одредени категории публика. Анализата на потребите и можностите за воведување на DVB-T2[6], исто така посочува дека отсуството на такви специјализирани програмски сервиси придонесува за безмалку непостоечки интерес за домашна продукција на квалитетна домашна сериска играна програма. На сцената доминираат телевизии со општ, претежно забавен формат. Специја-

4. Види во „Анализа на можностите и потребите за воведување на DVB-T2“, Таргет комуникации за АВМУ, достапна на следниот линк
5. Првата дигитална дивиденда 1 беше применета при преминот од аналогно кон терестријално емитување, а втората, во 2019 година, донесе дополнителна консолидација на капацитетите и пренамена на ослободените капацитети за воведување на „5Г“ технологија.
6. Првата дигитална дивиденда 1 беше применета при преминот од аналогно кон терестријално емитување, а втората, во 2019 година, донесе дополнителна консолидација на капацитетите и пренамена на ослободените капацитети за воведување на „5Г“ технологија.

лизирани програмски сервиси – на пр., документарно-образовни, филмски или спортски канали – воопшто нема и публиката е насочена потребите од таков вид на програмски содржини да ги задоволува на странските ТВ канали што ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи (кабелска, сателитска телевизија или ИПТВ). За дополнителни сервиси, како можност за бирање на јазикот на емитување, или титлуван превод на повеќе јазици, можност за снимање на програмата и одложено гледање (catch-up TV)[7] не можеме ниту да говориме.

Истовремено, од моментот на преминот од аналогно кон дигитално емитување, дигиталната терестријална телевизија се соочува со проблемот на мал интерес за користење на услуги на дигитална терестријална телевизија. За таквиот мал интерес постоја две причини. Првата причина е високата пенетрација на кабелски, сателитски и ИПТВ мрежи што во својата понуда ги имаат сите домашни и огромен број на странски канали. Втората причина е „селењето" на публиката на интернет, така што денес огромни сегменти од населението своите потреби од телевизиски и аудиовизуелни содржини ги задоволуваат или преку ИПТВ телевизија, на платформите за споделување видео или на ОТТ платформите за стримување на видео („Нетфликс", „Глеј"). Притоа, треба да се забележи дека интересот за гледање на линеарна телевизија постојано се намалува и се поголем број на луѓе главно се ориентирани кон гледање „видео на барање", главно на интернет. Иако линеарната телевизија останува далеку најпопуларна платформа за потрошувачка на видео содржини, новата конкуренција на интернет зафаќа се поголем дел од навиките за гледање видео содржини, особено кај помладата публика.

Така, според последниот достапен извештај за досегот на радиостаниците и за гледаноста на телевизиските станици (април-јуни 2023 година), вкупно 29,2% од испитаниците гледале терестријална телевизија. Од нив, 24.7% се корисници на ДТТ платформата „А1 Lite" (платена дигитална терестријална телевизија) а само 4,5% дигитална терестријална телевизија користат преку обична антена за слободен прием (free to air телевизија).

Податоците достапни во годишниот извештај за пазарот на електронски комуникации[8] покажуваат дека DVB-T сегментот учествува со 9,3% од вкупниот број на претплатници на ТВ-услуги, односно 40,783 од вкупно 437.510 претплатници. Исто така, бројот на претплатници на услугите на платена дигитална терестријална телевизија (А1 Lite) по периодот на постојан пораст кој трае до 2018 година, постојано опаѓа. Така, ако во 2018 година бројот на претплатници на DVB-T услуги изнесувал 44.347 (пораст од 6,84% споредено со претходната 2017 година), во 2023 година вкупниот број на претплатници е 40.783 (пад од половина процент споредено со 2022 година), што е пад од 8,03 отсто во текот на пет години.

7. Овде мора да спомнеме дека најголемиот број радиодифузери ги користат своите интернет екстензии и профилите на сервисите за споделување видео (како што е YouTUbe, на пример) за да понудат можност за одложено гледање, најчесто на вестите и информативната програма, но и на други содржини од понудата.
8. Види во „Годишен извештај за развој на пазарот на електронски комуникации за 2023 година", АЕК, 2024, достапен на следниот линк

ИСКУСТВАТА ОД СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Слични трендови се забележуваат на глобално ниво, и прашањето што да се прави со дигиталната терестријална телевизија станува се позначајно. На пример, британскиот регулатор за комуникации ОФКОМ, во мај 2024 година, го објави извештајот за пазарот „Иднината на ТВ-дистрибуцијата“, наменет за владата на Велика Британија. Документот ги разгледува сите опции, од можноста за целосно гаснење на ДТТ и пренамена на тие ресурси за други телекомуникациски потреби и услуги, до задржување на сегашниот систем. Сепак, општ заклучок е дека „преселбата“ на телевизиската публика на интернет (во сите форми на пристап до видео содржини што тој ги нуди - ИПТВ,–платформи за споделување содржини, „стриминг“ сервиси) е незапирлив процес и дека е потребен организиран обид за поттикнување и спроведување на таа преселба.

Очигледно е дека сè уште постои интерес за националните дозволи за дигитално терестријално емитување. Во септември 2024 година, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ја објави Студијата за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс. Студијата, изработена на барање на една телевизија со дозвола за емитување преку сателит, ги користи истите наоди што одамна се „општо место“ во разговорите за радиодифузниот сектор (или секторот на аудиовизуелни медиумски услуги) во земјата: дека сцената е презаситена, со преголем број играчи на мал и неодржлив пазар, што резултира во ниска одржливост на постоечките радиодифузери; како и дека недостига разновидност во понудата на содржини и дека на Република Северна Македонија и се потребни специјализирани формати на телевизиско емитување, на сите нивоа и независно од платформата за емитување. Се разбира, главниот заклучок на студијата е дека нема потреба од распишување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување.

ПРЕПОРАЧАНИ МЕРКИ

Претходно наведеното не води кон заклучок дека е крајно време да почнеме да ги разгледуваме опциите за тоа што ќе се случува во „пост-терестријалното време“, па дури и што во времето на „пост-линеарна телевизија“. Притоа, треба да ја имаме пред очи и обврската на државата да обезбеди телевизија за слободен прием што ќе биде достапна во сите делови на нејзината територија и за целото население. Со оглед на посочените бројки за користењето на „free to air“ телевизија во државата, и овде ќе треба да се разгледаат повеќе можности. Првата, екстремна можност е целосно префрлување на телевизиските/видео содржини на ИПТВ платформи, и пренамена на дигиталните мултиплекси за други телекомуникациски потреби. Втората можност е одржување на базична ДТТ мрежа за слободен прием на која ќе се емитуваат програмските сервиси на јавниот радиодифузен сервис и неколку дополнителни специјализирани канали (во Велика Британија предлогот на ОФКОМ е тоа да бидат неколку специјализирани информативни програмски сервиси, а ние такви немаме). Третата можност е да го задржиме постоечкиот приод и да чекаме, како и досега, ситуацијата да се разреши сама од себе.

Гледано на среден рок, а со оглед на фактот дека веќе подолго време разговараме дека ни е потребна реформа на медиумскиот сектор и медиумското законодавство, целта ни е да понудиме одредени идеи за правците во кои треба да се движат политиките и приодите во секторот на аудиовизуелни медиумски услуги.

Тие реформи ќе мораат да посветат соодветно внимание и на потребата за промоција на медиумскиот плурализам. Очигледно е дека ни се потребни нови приоди, политики но и со нив поврзани измени во постоечкото законодавство, за да обезбедиме дека, во сегментот „емитување за слободен прием“ (бесплатна телевизија) ќе имаме квалитетна понуда на програмски содржини. Исто така, тие нови приоди треба да обезбедат и развој на структурниот плурализам што не се одликува само со нумеричко мноштво на медиуми во радиодифузниот пејзаж, туку и со разновидност по вид и жанр на медиуми.

Спомнатата „Анализа на можностите и потребите за воведување на DVB-T2“ утврдува и дека капацитетите на постоечките дигитални мултиплекси за „free to air“ емитување се користат крајно нерационално.

Оттаму, препорака е, по истекувањето на важечката лиценца на А1 Македонија во 2033 година, сериозно да се разгледа можноста за консолидација на мултиплексите со кои сега управува А1 Македонија (за комерцијална free-to-air телевизија) и мултиплексите со кои управува ЈП „Национална радиодифузија“ (за јавниот радиодифузен сервис). Со тоа, меѓу другото, ќе се ослободат нови капацитети за трета дигитална дивиденда. Притоа, сугерираме дека, по примерот на Хрватска, подобро би било управувањето да му се додели на ЈП „Национална радиодифузија“, бидејќи се работи за бесплатен прием што нема да биде интересен за комерцијалните оператори.

Како од сегашната ситуација во која имаме премногу медиуми за сиромашниот ог-

ласувачки пазар (продажбата на рекламен простор останува главен модел за финансирање на медиумите во Северна Македонија) да дојдеме во ситуација во која многу помалку даватели на аудиовизуелни медиумски услуги ќе нудат поквалитетно задоволување на потребите на публиката од содржини кои ќе и помогнат да се забавува, да се едуцира, но и да се информира за тоа што се случува во светот.

Остварувањето на таа задача ќе бара, пред сè, многу инвестиции. Потребата во етерот (но и преку другите платформи за пристап до телевизиски и аудиовизуелни содржини) да имаме и повеќе специјализирани (тематски, жанровски или посветени на потребите на одредени категории публика) програмски сервиси одамна е препознаена. На тој аргумент се повикува и Агенцијата за аудиовизуелни медиумски услуги во заклучокот на Студијата за потребата од распишување на јавен конкурс дека нема потреба од нов програмски сервис со општ, претежно забавен формат и дека се потребни специјализирани тематски програмски сервиси. Специјализираните тематски (или жанровски) форматирани програмски сервиси чинат многу пари, било да се работи во инвестиција во сопствено производство (или копродукција), било да се работи за набавка на, на пример, скапата играна програма од европско или американско производство или уште поскапите права за пренос на квалитетните и популарни спортски натпреварувања.

Во сегашната ситуација на презаситен и сиромашен пазар, таквите инвестиции е скоро невозможно да ги очекуваме од домашните радиодифузери. Сметаме дека на консолидиран пазар со број на играчи соодветен на населението и економската моќ, телевизиските радиодифузери ќе имаат повеќе средства на располагање за влегување во такви инвестиции за основање на дополнителни специјализирани програмски сервиси, најверојатно во партнерство со други субјекти, домашни или странски. Втората можност е да чекаме, или да поттикнеме влегување на странски играч на пазарот. Тоа најверојатно би бил некој од големите меѓународни ТВ корпорации што веќе имаат силно присуство во Европа, но и во земјите од регионот. И таквиот пристап ќе бара ревизија на одредбите од ЗААВМУ за спречување на концентрација на медиумската сопственост, кои се застарени и несоодветни на денешната ситуација[9].

Во таа смисла, овде се фокусираме на одредбите од ЗААВМУ што се однесуваат на доделувањето на дозволи и распределбата на достапните ресурси за емитување на програма, односно на дигиталната терестријална телевизија што за емитување користи ограничен јавен ресурс.

Презаситениот пазар за телевизиско и радиско емитување, ниската стапка на користење на дигитална терестријална телевизија (за слободен прием или како платена телевизија), потребата од консолидација на пазарот со намалување на бројот на играчи во националното терестријално емитување, како и потребата за поголем плурализам и разновидност на аудиовизуелни содржини што ќе им бидат достапни на граѓаните/потрошувачите на телевизиски содржини,

9. Одредбите за спречување на медиумската концентрација ќе бидат предмет на друг документ за јавни политики што е во подготовка.

ќе бараат интервенција во начинот на кој се третираат различните видови на емитување на програма – терестријално наспроти кабелско, сателитско или ИПТВ емитување.

И со постоечкото законодавство, таквата разлика постои. Факт е дека носењето на одлуки при доделувањето на дозволи за терестријално емитување, поради тоа што тоа вклучува користење на ограничен јавен ресурс (фреквентниот спектар) треба да задоволи одреден јавен интерес. Исто така, препознаено е дека кај кабелското и сателитското емитување се работи за чисто комерцијални потфати, и дека дистрибуцијата на сигналите е предмет на комерцијален договор помеѓу оние што ги произведуваат програмските содржини (или ги пакуваат набавените програми од други производители) и каналите за дистрибуција, односно операторите на кабелски, сателитски или ИПТВ мрежи. Оттаму, постапките за обезбедување на дозволи за емитување се разликуваат. За терестријалната телевизија, што е случај секаде во Европа, дозволите се доделуваат преку јавен конкурс што може да се организира на иницијатива на регулаторното тело или на иницијатива на заинтересирана страна што сака да влезе на пазарот на терестријална телевизија.

Дозволите за кабелско и сателитско емитување, од друга страна, се доделуваат во многу поедноставна процедура, на барање на заинтересираните за емитување телевизиска програма. Сепак, знаејќи дека работите се движат во правец на целосна преселба на дистрибуцијата на видео-содржини на интернет (ИПТВ), најверојатно по барање но не е исклучено некаква форма на линеарни сервиси да опстане и на таа платформа, предлагаме неколку измени во ЗААВМУ.

Прво, треба да се земе пред вид трендот дозволите за емитување да бидат платформно неутрални, во смисла, носителот на дозволата својот програмски сервис потоа да го понуди на комерцијалните оператори на платена телевизија – било да се работи за сателитски, кабелски пренос, па дури и платена дигитална терестријална телевизија. Оттаму, обврската за поднесување пред-договори со оператори на јавни електронски комуникациски мрежи како услов за добивање на дозвола за кабелско или сателитско емитување би требало да се отстрани. Секако денес сите ја имаат можноста да преминат на емитување преку интернет протокол (што не значи само услуга слична на кабелската телевизија, туку се однесува на „стримување“ на линеарен сервис преку интернет).

Второ, што произлегува од претходното, ***треба да се реши статусот на новите „линеарни“ сервиси на интернет***. Имено, традиционалните печатени медиуми, но и новите онлајн весници (online newspapers) сè повеќе се впуштаат и во производство на видео содржини. Додека најголемиот број од таквите содржини се достапни на барање преку платформите за споделување видео, во барем еден случај имаме видео сервис што по сите одлики – уредна програмска шема, одвоени сегменти (емисии) одделени со рекламни блокови или редовни вести – личат на линеарна ТВ, но се емитуваат преку интернет[10]. (види

[10] Пример е „СлободнаТВ“ на дневниот весник „Слободен печат“. Види на следниот линк

СлободнаТВ на дневниот весник „Слободен печат“). Измените на ЗААВМУ од јули 2023 година ги воведоа, во рамките на потребата на усогласување на законот со новата Директива за аудиовизуелни медиумски услуги, и платформите за споделување видео во опфатот на ЗААВМУ, во некои аспекти од нивното функционирање. Истовремено, знаеме дека нашиот прв интернет „стриминг“ (Over the top) сервис „Gley“ уредно се регистрираше во Агенцијата, во согласност со одредбите од член 56 од ЗААВМУ. Оттаму, треба да се размисли во системот на дозволи за емитување да се внесе и можност за емитување преку ИПТВ платформи, особено за таквите, *де факто*, линеарни сервиси.

Трето, со оглед дека се работи за платформи што не се ограничен јавен ресурс, ***доделувањето дозволи да биде уште полиберално и да се сведува на постапка за регистрација***, по примерот на обезбедувањето аудиовизуелни медиумски услуги по барање. Секако се работи за платформи за платена телевизија што, повторуваме, функционираат на комерцијална основа и на договор помеѓу операторите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги. Оттаму, на пример, таму каде што во терестријалната дигитална телевизија има двоен систем, покрај мултиплексите што се слободни за прием (free to air) да постои и платена ДТТ платформа, на таквите платформи често се пренесуваат и програмски сервиси што немаат, стриктно кажано, дозвола за терестријално емитување. Дури, во Велика Британија, каде со сите мултиплекси управува една компанија, „Фривју“ (Freeview) и се наменети за слободен прием, се емитуваат такви канали (на пример, програмските сервиси на „Скај“, кои немаат терестријална дозвола). Исто така, да потсетиме дека во некои национални системи, на пример во Шведска, за емитување на програма преку кабелска мрежа или преку сателит воопшто не е потребна посебна дозвола, а постои обврска за регистрација на одредени видови содржина. Дополнително, новите ИПТВ платформи даваат можност давателот на услугата воопшто да не е лоциран во земјата или јазичното подрачје за кое е наменет програмскиот сервис . Оттаму, некаква форма на регистрација, со задолжително изјаснување за сопственичката и уредничката структура, е далеку подобро решение.

Со оглед на фактот дека ЦРМ одамна предлага „ресет“ на радиодифузниот сектор, со репланирање на распределбата на достапните капацитети за терестријално емитување, намалување на бројот на активни играчи на пазарот, елиминација на политиката „еден субјект – еден програмски сервис“ (што ќе биде предмет на друг документ за јавни политики што е во подготовка), таквиот либерален приод ќе биде корисен за оние радиодифузери што ќе мораат од терестријално емитување, да се префрлат на платформите за платена телевизија – кабелско, сателитско или ИПТВ емитување. Во таа смисла, ја повторуваме старата препорака до регулаторното тело, во одреден рок што би требало да се совпаѓа со периодот на траење на сега важечките дозволи за терестријално емитување, да подготви нов конкурс за дозволи за терестријално телевизиско емитување врз основа на детални и издржани истражувања на можностите на пазарот и потребите на публиката. Во тој процес треба да бидат вклучени и носителите на одлуки, пред сè Министерството за ди-

гитална трансформација, затоа што ќе бидат потребни, како што нагласивме повеќе пати, измени во законските одредби за спречување на медиумската концентрација.

Оваа мерка ќе бара и бришење на последните измени на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги[11] со кои на регулаторното тело практично му се наметна обврска да ги продолжува дозволите за емитување на барање на носителите (член 79 од ЗААВМУ). За разлика од претходната верзија на Законот, во која Агенцијата оценуваше дали да ја продолжи дозволата врз основа на „придонесот на радиодифузерот за поголема разновидност и плурализам на македонскиот пазар“ (што е особено значајно ако сакаме да ја подобриме постоечката ситуација во која сите радиодифузери личат еден на друг со многу слична понуда на програмски содржини), сега можноста да одлучи да не ја продолжи дозволата е практично непостоечка, затоа што дозволата нема да се продолжи само ако се регистрирани сериозни непочитувања на посебните забрани од член 48 (говор на омраза, загрозување на надионалната безбедност, насилно уривање на уставниот поредок, итн.) или за повреди на правилата за правичено, балансирано и непристрасно покривање на изборите. Таквите одредби, повторуваме[12], треба да бидат избришани, затоа што на регулаторното тело му ја одземаат најзначајната надлежност (истовремено и основна причина за неговото постоење), имено, да решава за распределување и користењето на фреквентниот спектар како ограничен јавен ресурс и притоа да се грижи за зашти и развој на плурализмот на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги.

Четврто, одредбите што се однесуваат на зоните на покривање – национално, регионално и локално ниво – за кабелското или за сателитското емитување се, најблаго кажано, нелогични. Тие одредби, со оглед на природата на платформите, се непотребни и неоправдани. Не постои причина телевизија што е основана за покривање на една општина (или Градот Скопје) да не може да склучи договор со кабелски или ИПТВ оператор од друга општина, доколку операторот смета дека неговите претплатници би биле заинтересирани за содржините што ги нуди. Тоа, по пат, не би било настан без преседан во Европа. Во соседна Србија, сосема е нормално регионална терестријална телевизија да склучи договор со кабелски оператор од друг регион и да биде достапна за неговите претплатници. Тоа е случај дури и со покраинскиот јавен радиодифузен сервис на Војводина, достапен на повеќе кабелски оператори и надвор од покраината.

Различните зони на покривање, национално, регионално или локално, треба да останат одлика на терестријалната телевизија, каде што имаат смисол, поради ограничените ресурси за емитување на програмски сервиси. Иако и на тоа поле ни е потребна ревизија на политиките (за што ЦРМ веќе има пишувано и претходно), првенствено поради малиот пазар и ниската (безмалку непостоечка) одржливост на таквите радиодифузери.

10. Види член 5 од Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Сл. Весник бр.55/2024 од 6 март 2024 година. Достапно на следниот линк
11. Види член 5 од Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Сл. Весник бр.55/2024 од 6 март 2024 година. Достапно на следниот линк

ПРЕПОРАЧАНИ МЕРКИ

Постои потреба од политики за доделување дозволи и распределба на достапните ресурси за емитување на програмски содржини што ќе ја поттикнуваат и промовираат специјализацијата и ориентацијата кон специјализирани сервиси, главно насочени кон различни типови и жанрови на играна продукција, музика или спорт.

Сметаме дека еден од начините за промоција на тематски или жанровски специјализирани програмски сервиси е радикално намалување на надоместоците за дозволите за емитување на специјализирани програмски сервиси. Бидејќи предлагаме дозволите за кабелско или сателитско емитување да се сведат на задолжителна регистрација на програмските сервиси, износите на надоместоците треба да бидат симболични, односно да ги покриваат трошоците на регистрација и одржување на регистрите, значи, наместо неколку десетици илјади евра, да изнесуваат неколку стотини евра (се разбира, во денарска противвредност).

СТАВОВИТЕ НА ЗАСЕГНАТИТЕ СТРАНИ

Во согласност со воспоставената пракса на Центарот за развој на медиуми, пред финализација на ваквите документи да ги покани на дискусија засегнатите страни – медиумите/радиодифузерите,струковите и професионалните здруженија, граѓанските организации што работат во областа на медиумите, академската заедница, регулаторното тело – за да ги собере и нивните мислења и ставови за темата. ЦРМ таква тркалезна маса организираше на 25 ноември 2024 година, и на средбата присуствуваа 15-на претставници на различни засегнати страни.

Како воведничари, покрај претставниците на ЦРМ, настапија Снежана Трпевска, експерт за медиумски политики и законодавство, и Дарко Перушевски од Gley.mk, извршен директор на првиот „стриминг“ сервис во Северна Македонија.

Трпевска посочи дека прашањето на рационализација и консолидација на радиодифузниот сектор во државата постојано се јавува како прашање во државата, и дека законодавството и досега нудеше можности регулаторно да се интервенира за да се обезбеди развој на структурниот плурализам. Упати и на тоа дека недостига медиумска стратегија. Таа потсети и дека сите документи и анализи, што ги покриваат и прашањата што ги покрива овој документ, произведени во 2023 година во рамките на проектот на ЕУ се доставени до носителите на одлуки. Наместо тоа, добивме законски измени што значат дека прашањата поврзани со плурализмот не се повеќе во критериумите при одлучувањето за продолжување на дозволите за емитување, а грижата и промоцијата на плурализмот се една од целите на ЗААВМУ и на политиките што би требало да произлегуваат од него.

Перушески понуди краток историјат на развојот на комерцијалната телевизија во државата. И тој се задржа на прашањето на непостоење на издржана медиумска стратегија, која е потребна особено во ваков период на длабоки промени во секторот. Посочувајќи примери од пазари слични по големина со Северна Македонија (POP TV во Словенија) укажа дека сериозни радиодифузери целосно го напуштаат терестријалното емитување, но и дека не е јасно зошто во денешно време некој уште би се интересирал за терестријална дозвола. Уште една поента од неговото излагање беше дека само оние телевизиски компании што ќе се прилагодат на дигиталното време.

Претставници на регулаторното тело се согласија дека постои потреба од ревизија не само на овој сегмент, или на секцијата од ЗААВМУ што ги регулира ограничувањата на сопственоста, и информираа дека во ноември годинава, регулаторното тело испратило официјална иницијатива до Министерството за дигитална трансформација испратило нова иницијатива за измени на Глава 4 од ЗААВМУ, за Заштитата на плурализмот и разновидноста на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги.

Претставниците на радиодифузерите, во своите коментари, посочија на неколку отворени прашања. Прво, согласни се дека кризата е длабока и дека промени се потребни, како и дека е потребна натамошна регулаторна интервенција за консолидација

СТАВОВИТЕ НА ЗАСЕГНАТИТЕ СТРАНИ

и рационализација на пазарот. Сепак, беа изразени и сомневања дека консолидацијата на пазарот, по која помалку играчи би го делеле рекламниот колач, не значи автоматски дека тие средствата ќе ги инвестираат во поквалитетна програма, понова опрема или поголеми редакции.

Од друга страна, се сомневаат дека постои волја кај политичките партии да ја менуваат ситуацијата што им одговара. Како што кажа еден од претставниците на медиумите, „дури и да го намалиме бројот на телевизии на две, партиите ќе најдат начин едната да биде на ВМРО, другата на СДСМ“.

Ги спомнаа и износите на надоместоците, што се превисоки, особено за специјализираните тематски канали, и далеку ги надминуваат износите на надоместоците за телевизии од општ формат. Тоа, според нив, го спречува развојот на таквите специјализирани канали и, посредно, и производството на домашни содржини за полнење на таквите програмски сервиси.

Конечно, неколкумина ја спомнаа и општата криза на телевизиската индустрија, и во смисла на терестријалното емитување, но и од гледна точка на несигурната иднина на линеарната телевизија.

ДОКУМЕНТ ЗА ЈАВНИ ПОЛИТИКИ

ПОЛИТИКИТЕ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ ДОЗВОЛИ И ИДНИНАТА НА ДИСТРИБУЦИЈАТА НА ТЕЛЕВИЗИСКИ

ЦЕНТАР за РАЗВОЈ на МЕДИУМИ

Ноември 2024